Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр. 04-4660/ 9

Дата: 13. 09.2024 год.
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија Тел. 043/416-130 Факс 043/416-130
e-mail:
opshtina@kavadarci.gov.mk

Врз основа на член 48, член 52 и член 53 од Законот за административни службеници ( "Сл. весник на Р.М." бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 и "Сл. весник на Р.С.М." бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас, ("Сл. весник на РМ", бр.11/15 и 35/18 и "Сл. весник на РСМ" бр.303/20),

Секретарот на Општина Кавадарци, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат за унапредување**

I. Во врска со интерниот оглас бр.05/2024 за унапредување на административен службеник во Општина Кавадарци, објавен на ден 27.08.2024 година на интернет страниците на Агенцијата за администрација и на Општина Кавадарци,
за работно место- со шифра УПР 01 01 В01 000, Советник за координација на активностите на Градоначалникот, во Одделение за работи на Градоначалникот и односи со јавноста, во Сектор за правно-нормативни и општи работи..............1 (еден) извршител,

СЕ ИЗБИРА кандидатот **Лилјана Митрова.**

II. Одлуката за избор за унапредување се објавува на интернет страницата на Општина Кавадарци.

**Образложение**

Во член 48, член 49, член 50, член 51 и член 52 од Законот за административни службеници ( "Сл. весник на Р.М." бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 и "Сл. весник на Р.С.М." бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), предвидена е постапка за унапредување на административни службеници врз основа на објавен интерен оглас.

Согласно Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас, ("Сл. весник на РМ", бр. 11 од 26.01.2015 година); Правилник за изменување и дополнување на правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас, ("Сл. весник на Р.М.", бр. 35

[redacted]

Арх.Бр. 04-4660/

Дата: 09.2024 год.
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail:
opshtina@kavadarci.gov.mk

од 23.02.2018 година) и ("Сл. весник на Р.С.М.", бр. 303 од 21.12.2020 година), Општина Кавадарци во електронска форма на интернет страницата на Општина Кавадарци и на Агенцијата за администрација на ден 27.08.2024 година објави интерен оглас број 05/2024.

Врз основа на објавениот интерен оглас бр.05/2024 за унапредување на административен службеник во општина Кавадарци за работното место со шифра УПР 01 01 В01 000 Советник за координација на активностите на Градоначалникот, во Одделение за работи на Градоначалникот и односи со јавноста, во Сектор за правно-нормативни и општи работи.............1 (еден) извршител, со решение бр.04-4660/6 од 02.09.2024 година формирана е Комисија за селекција за унапредување на административен службеник во општина Кавадарци.

Комисијата за селекција за унапредување, согласно записникот бр.04-4660/7 од 12.09.2024 година за административна селекција на кандидати и записникот бр.04-4660/8 од 12.09.2024 година за спроведување на интервју, изготви финална ранг листа и до Секретарот на Општина Кавадарци достави предлог одлука од интервјуирани кандидати за работното место Советник за координација на активностите на Градоначалникот, во Одделение за работи на Градоначалникот и односи со јавноста, во Сектор за правно-нормативни и општи работи, во Општина Кавадарци.

Согласно член 52, став (1) од Законот за административни службеници ( "Сл. весник на Р.М." бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 и "Сл. весник на Р.С.М." бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), по добивањето на предлогот за прворангираниот кандидат одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Изработил:Флорина Делова
Контролирал: Надица Алексова
Одобрил:Јасминка Ѓорѓиева Тодоров

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Секретар**
**Тодор Ефремов**